Врз основа на член 61 став (7) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 161/ 19 и 229/20), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО НАСТАВА, А СЕ СО НАДМИНАТА ВОЗРАСНА ГРАНИЦА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за запишување на децата кои не се вклучени во настава во основното образование, а се со надмината возрасна граница.

Член 2

Под надмината училишна возраст се подразбира надминување на законски пропишаната возраст со која започнува периодот на задолжително основно деветгодишно образование.

Член 3

Доколку се јават деца со надмината возраст, секое училиште ги вклучува овие деца во редовната настава.

Член 4

При запишување на деца со надмината возрасна граница во основното образование во предвид се зема документацијата што ја поседува ученикот за своето претходно образование доколку го посетувал.

Член 5

Децата кои што се со надмината возраст се вклучуваат во задолжителното основно образование кое е организирано во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

Доколку детето, до неговото запишување во училиштето, воопшто не посетувал настава (не бил запишан во училиште), го започнува своето образование, согласно прилагодени наставни програми од прво одделение.

Во зависност од возраста на ученикот, наставата ја следи заедно со ученици на своја или приближно своја возраст според прилагодени наставни програми и се вклучува во паралелка, и тоа:

- во првиот период на основното училиште се вклучуваат до 10 години, при што училиштето ќе се води дека најголема разлика меѓу ученикот што се вклучува и другите ученици да не е поголема од две години и

- во вториот период на основното училиште се вклучуваат ученици до 15 години, водејќи сметка разликата во години помеѓу ученикот што се вклучува и редовните ученици да не надминува две, односно три години доколку е вклучен во шесто одделение.

Ученик со надмината возраст не се распределува во третиот период на основното училиште, освен во случај кога има доказ свидетелство за завршено шесто одделение, а од одредени причини го напуштил училиштето по завршувањето на шесто одделение.

Сите ученици со надмината возраст до третиот период (до седмо одделение) мора да постигнат успех по прилагодени програми, а наставата во третиот период (од седмо до деветто одделение) ја следат редовно, по наставните програми за основно деветгодишно образование.

Член 6

Доколку ученикот бил запишан во училиште и го напуштил, се зема предвид последното негово свидетелство за завршено одделение и тој/таа се запишува во следното одделение, но повторно водејќи се од одредбите од членот 5 од овој правилник за вклучување во паралелки со ученици на приближна возраст, но не повеќе од две години разлика.

Член 7

Во случај кога ученикот кој треба да се вклучи во настава нема соодветни документи како доказ за завршено одделение претходно или бил вклучен во неформално образование, а самиот/неговите родители/старатели дадат изјава дека има посетувано настава и завршено определено одделение, се врши проверка на знаењата на ученикот со инструменти/тестови на знаења по наставните предмети (мајчин јазик, математика и природни науки), утврдени од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).

Член 8

Училиштето доставува информација за датумот на проверка/тестирање на знаењата на ученикот до Бирото, најмалку две недели пред проверката/тестирањето. Бирото доставува инструменти за проверка/тестирање на знаењата на ученикот при што Комисијата по добивањето на инструментите потпишува изјава под полна морална и кривична одговорност дека тестовите нема да бидат снимени ниту пак споделени со трети лица. На денот на спроведување на тестирањето присуствува претставник од Бирото.

Член 9

Пред да се спроведе постапката за проверка/тестирање на знаењата на ученикот, за негово поуспешно вклучување во наставата, се врши интервју од страна на стручната служба и еден одделенски наставник, со цел добивање повеќе податоци за неговата социо-емоционална состојба и негово подобро запознавање.

Член 10

Училиштето најмалку една недела пред да се спроведе тестирањето го известува родителот/старателот на ученикот за денот, местото и времето на проверка/тестирање на знаењата на ученикот.

Член 11

Проверката на знаењата на ученикот се врши од страна на Комисија за проверка/тестирање на знаењата на ученикот (во натамошниот текст: Комисија), формирана од директорот на училиштето.

Член 12

За запишување на ученик до петто одделение, Комисијатата е составена од еден стручен соработник (педагог или психолог) и два одделенски наставника од училиштето.

Член 13

За запишување на ученик во предметна настава, Комисијата е составена од еден стручен соработник (педагог или психолог) и двајца наставници од предметна настава, соодветни од областа на природните науки, математика и мајчин јазик од училиштето.

Член 14

По извршената проверка на знаењето на ученикот/та, му се издава потврда согласно Правилникот за формата и содржина на потврдата за децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основното образование.

Член 15

Ученикот се запишува во соодветното одделение, во првиот или вториот период на основното училиште, согласно член 5 од овој правилник.

Член 16

Доколку во исто училиште има повеќе ученици кои се со надмината возрасна граница, истите не се групираат во иста паралелка, туку рамномерно се распоредуваат во повеќе паралелки.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето.

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска, с.р.**

**Бр.12-15044/2**

**24.12.2020 година**

**Скопје**